**LINGUA MONTENEGRINA, god. XVI/1, br. 31, Cetinje, 2023.**
Fakultet za crnogorski jezik i književnost

Stručni rad
UDK 378.244:001.81

**Благојка ЗДРАВКОВСКА-АДАМОВА (Тетово)**
Универзитет на Југоисточна Европа − Тетово
b.zdravkovska@seeu.edu.mk

# ВО НАСОКА НА СИСТЕМАТСКО СООЧУВАЊЕ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

(Suada A. Džogović, Metodologija istraživanja i pisanja diplomskih radova, Utilis, Prizren, 2022)

Книгата „Методологија на истражувањето и на пишувањето дипломски трудови“ на универзитетската професорка д-р Суада Џоговиќ излезе од печат во текот на 2022 година и за кратко време стана особено популарна не само на Косово, туку и пошироко на целиот Балкан бидејќи преку неа е осигуран клучниот императив во однос на методологијата на истражувањето. Уредник е еминентниот професор Вехби Мифтари, а како рецензенти, освен мене, се потпишани и угледните професори, д-р Хасан Јашари и д-р Ведат Бајрами.

Џоговиќ работи како професорка на Универзитетот „Хаџи Зека“ во Пеќ. Во научните кругови особено е позната по своите импозантни истражувачки капацитети, по широкиот дијапазон на сознанија и по богатото емпириско и теоретско знаење. Авторка е на сериозни научни трудови кои се основа и поттик за многу истражувања, честопати цитирани и дискутирани на многу научни собири. Монументалниот обем на нејзините сознанија најдобро се отсликува во едноставноста на изразот. Особено силен впечаток остава со својата елоквентност, а своите научноистражувачки резултати и сознанија ги изложува на строго дефиниран и аргументиран начин.

Последното нејзино пообемно дело е и предмет на овој приказ. Насловено е „Методологија на истражувањето и на пишувањето дипломски трудови“. И покрај тоа што прашањето за методологијата на пишување академски трудови никогаш не било поактуелно, а за тоа потврда се многубројните публикации на оваа тема, академски грандиозниот дискурс на проф. Џоговиќ е она што ја изделува од многумина други автори, поставувајќи ја на пиедесталот.

Предавањата, сериозните истражувања и нејзината восхитувачка посветеност на работата осигуруваат целокупната проблематика на оваа тема, преку современ пристап, да биде изложена на 240 страници. Она што фасцинира уште од самиот почеток е начинот на структурирање на трудот, претставен во содржината на почетокот на книгата. Имајќи ја предвид комплексноста на истражувањето, авторката преку исклучително сериозен пристап, атомистички ја претставува конкретната тема во осум одделни дела и притоа дава значаен конструктивен придонес не само за оние кои стекнуваат сознанија за методологијата на истражувањето и на пишувањето дипломскиот труд туку и за оние кои предаваат за тоа. Пишувањето на дипломскиот труд е важен дел од процесот на учење кога од студентите се очекува да покажат одреден степен на самостојност, вештини за критичко размислување, дигитални вештини, комуникациски вештини, а секако и одреден степен на одговорност. Поради тоа, како што нагласува и авторката Џоговиќ во Предговорот, „темелна задача на оваа книга е да ги разјасни, да ги дефинира и детално да ги разработи принципите и методите на изработката на завршниот труд и да даде насоки и упатства за спроведување на тој процес“.

Книгата започнува со ВОВЕДНИ ОПРЕДЕЛУВАЊА – ПРИРОДА И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО каде што и самата авторка наведува дека „истражувачкото и научното спознавање му овозможува на човекот стекнување вистински знаења“. Токму фразата „стекнување вистински знаења“ е она што е главна одлика на ова дело.

По воведните определувања следува првиот дел насловен ДИПЛОМСКИ ТРУД: ПОДГОТОВКА, ПРЕБАРУВАЊЕ, ДЕФИНИРАЊЕ. Имајќи предвид дека секој циклус на студии бара изработка на завршен труд, веќе со првиот дел се нагласува важноста на оваа книга. Авторката одделно се задржува на изборот на областа и на темата, истражувањето и изборот на изворот на информациите и на користењето на литературата. Притоа таа на многу суптилен и на едноставен начин особено значење дава на развојот на вештините за критичкото размислување. Покрај дигиталните вештини, критичкото размислување е на врвот на основните компетенции што ги бараат работодавците бидејќи тие се неопходни за разбирање на предизвиците, истражување на можностите и за донесување добри одлуки во нова конкурентна средина.

ЕЛЕМЕНТИ НА ТРУДОТ е насловот на вториот дел. Во него авторката исклучително темелно се посветува на сите составни делови на дипломскиот труд, односно: корица, насловна страница, апстракт и клучни зборови, содржина, воведно поглавје, задачи: според методите, обработка на темата и истражување, краток преглед на методите,

собирање податоци, анализа на податоците, заклучни согледувања и литература.

Имајќи предвид дека техничкото обликување особено е важно за првиот впечаток во однос на трудот, авторката изделува посебен дел. Станува збор за третиот дел БЕЛЕШКИ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ НА ТРУДОТ. Во него проф. Џоговиќ дава објаснување и за стиловите на пишување текст и за стиловите за набројување. По одделните целини за изразите, кодовите и формулите; странските зборови и нагласувањето во рамките на текстот; посебните прилози на дипломскиот труд (ЦД, ДВД), финализирање на трудот и предавање, авторката го завршува овој дел со одбраната на дипломскиот труд како финална фаза од целиот процес.

Во четвртиот дел, УПАТСТВО ЗА ЦИТИРАЊЕ, авторката го обработува особено важното прашање кое е поврзано со различните начини на наведување на користените извори. За попрегледен приказ, авторката наведува примери за сите поважни стилови на цитирање, односно АПА (APA) и харвардскиот стил, а одделно место се посветува и на нумеричките стилови на цитирање и на наведување референци, т.е. ванкуверски стил и стилот ИЕЕЕ (IEEE), оксфордски стил, чикашки стил и МЛА (MLA).

Авторката посебен дел посветува на јазичното и на стилското обликување на текстот. Во петтиот дел, ЈАЗИКОТ И СТИЛОТ, таа освен на научниот стил на пишување, се задржува и на стилските јазични грешки, имајќи предвид дека за експертите еден од клучните елементи за добро писмено изразување е правилната употреба на јазикот.

Современоста на учебникот на д-р Џоговиќ меѓу другото се огледа и во вклученоста на шестиот дел во овој значаен труд. Имено, таа изделува посебен дел НАУЧНА ЕТИКА – КУЛТУРНИ ПИШУВАЊА при што се дава особено значење на чесноста и на интегритетот во сите фази на пишувањето. Овој етички систем ја води и ја насочува науката, почнувајќи од собирањето на истражувачките податоци, па сè до нивното објавување.

Освен критичкото размислување, дигиталните вештини се изделуваат како клучни во однос на успешноста на професионалната кариера. Во таа насока проф. Џоговиќ во седмиот дел дава објаснување на една исклучително корисна алатка, а тоа е ЗОТЕРО (ZOTERO). Станува збор за софтверско решение, односно иновативна програма чија основна намена е уредување, преземање и управување со библиографски белешки. Програмата е замислена како поддршка и помош при организирањето, изборот, барањето референци, па постојано се усовршува и се прилагодува на потребите на корисниците. Авторката многу прегледно, преку

слики ја објаснува постапката за користење на оваа дигитална алатка која е од големо значење за идните истражувачи.

ПРИЛОЗИ е насловот на последниот дел и со него се заокружува целокупноста на трудот. Теоретските објаснувања авторката ги визуализира во овој дел преку шематски приказ на насловната страница, преку примери за дипломски труд и за апстракт.

Беспрекорно акрибично и детално, во рамките на оваа книга систематски се проучуваат современите димензии поврзани со истражувањето и со пишувањето дипломски трудови. Прегледно е организирана, а тоа ја прави задолжителна литература во подрачјето на методологијата на истражувањето, па се препорачува на сите оние кои сакаат да ги стекнат потребните знаења и практичните насоки во сите облици и фази на истражувањето. Притоа, ним им е обезбеден солиден материјал во согласност со поставените академски стандарди

Преку оваа вредна публикација авторката, проф. д-р Суада Џоговиќ, повторно се позиционира меѓу водечките експерти во областа на научното пишување и методологијата на истражувањето.